## Д-р Владо Картов, „Сава Михајлов — Савата“ (1877—1905) Скопје 1977, „Наша книга“, 113 страни

Во македонската историографија од одамна е истакната потребата и целисходноста за пишување биографски трудови за истакнати дејци од историјата на македонскиот народ општо и посебно од периодот на XIX и XX век, кој обилува со личности, кои целосно му се посветиле на ослободителните борби на македонскиот народ. Секако Сава Михајлов — Савата спаѓа меѓу тие личности, така да оваа монографија за него ќе допринесе во задоволувањето на таа потреба. Од тоа и од друг аспект е пофално за авторот и за издавачката куќа „Наша книга“ што ги следат актуелните потреби на нашата историографија и општо на нашето општество. Кон тоа нека додадеме и тоа дека нашата јавност ваквите трудови ги прима мошне добро.

Биографијата на Сава Михајлов — Савата содржи 113 страници текст, белешки, содржина, список на извори и литература и неколку илустрации. Текстот е распореден во шест глави. Во почетокот е даден и предговор.

Во предговорот д-р Владо Картов пишува за улогата и дејноста на Савата како истакнат деец во македонското националноослободително движење во Гевгелиско и во неколку други околии, каде дејствувал како значаен околиски раководител на левичарските сили на Внатрешната македонска револуционерна организација.

Првата глава содржи интересни податоци за местоположбата на родното место на Савата — село Мачуково, Гевгелиско, за неговото историско минато, за занимањето на населението и за неговото вклучување во ТМОРО. Потоа (глава II) следи опис на Савовото семејство — родители, браќа и сестри и школување на малиот Сава. Во продолжение (глава III) е расветлен почетниот период од револуционерната дејност на Савата: Неговото учество во ученичкиот револуционерен кружок во Солунската гимназија (1894/95), неговото зачленување во ТМОРО, неговата дејност за основање на револуционерна организација во Кајларско и за омасовување на Организацијата во Неготинско и Гевгелиско.

Во четвртата глава Сава Михајлов е прикажан како револуционерен организатор и доследен борец на македонското национално-ослободително движење во периодот 1899—1902 година. Во тие години Савата работи како соработник на Г. Делчев, Јане Сандански и др. за зацврстувањето и омасовувањето на ТМОРО во Гевгелиско и Горноџумајско. Тогаш тој посебно се истакнува како борец против врховизмот, кој како инструмент на бугарската

влада и буржоазија работи за остварување на големодржавни цели. Во таа борба и во поширо-ки рамки Савата настапува како доследен борец за самостојноста на македонското национално-ослободително движење. Доста забележително е и учеството на Савата во аферата Мис Стон, која покрај друго, многу придонесе за да се запознае јавноста во Европа и Америка со праведната борба на Внатрешната македонска револуционерна организација. Оваа и наредната, петта глава се поопширни и подобро обработени, зашто во тој период (кој е опфатен во нив) дејноста на Сава Михајлов добива врв и широчина во најголеми можни за него рамки.

Петтата глава ја опфаќа значајната дејност на Савата за време на Илинденското востание. Тогаш Савата (пишува д-р Владо Картов) со атентатските и други антиосмански акции привлече извесен број турска војска во Гевгелиско и така им помогна на востаниците во главната востаничка област во Битолскиот вилает. Во врска со односот на Савата спрема востанието е укажано на тоа дека тој работел за едно добро подготвено и навремено востание, но бил против решението на Солунскиот конгрес за избрзано и неподготвено востание.

Револуционерната и другата дејност на Савата по Илинденското востание е расветлена во последната (шестата) глава од монографијата на д-р Владо Картов. Во неа авторот го расветлува учеството на Савата во советувањата и дискусиите водени (во Софија) за постигањата и последиците на Илинденското востание и укажува на тоа дека тој застанал на страната на македонскта револуционерна левица и како нејзин припадник дејствувал до крајот на својот живот. Како таков тој се држел и за време на својата мисија во Србија, каде бил испратен да ги следи преговорите водени меѓу српските владини фактори и меѓу Борис Сарафов и др. Савата во Софија и Белград одблиску се запознава со големодржавните политики на балканските монархии спрема Македонија и решава уште порешително да ја продолжи борбата не само против османската тиранија, туку и против туѓите вооружени и невооружени пропаганди на трите соседни држави. За таа цел тој организира чета и доаѓа во Гевгелиско, но овој пат, на 1 април 1905 год. кај село Смол (сега во Егејска Македонија) во својата последна борба со бројна турска војска и башибозук Савата храбро погинал за слободата на македонскиот народ. Д-р Владо Картов изнесува низа нови податоци за причините на овој пораз на Савовата чета и ги расветлува прашањата поврзани со тој настан. Нови податоци и расветлувања авторот дава за сите наведени и други прашања.

Врз основа на внимателното читање на трудот и на изложеното погоре, сметам дека трудот на д-р Владо Картов ги содржи квалитетите на една целосна биографска монографија. Во неа авторот врз научна база умешно ги обработува сите поглавни компоненти од животот ѝ делото на значајниот македонски револуционерен деец Сава Михајлов. За првпат во нашата историографија се јавува еден ваков труд за Сава Михајлов. Тој претставува и прилог во проучувањето на прашањата поврзани со главната проблематика на темава. Имајќи го предвид искажаното погоре сум слободен да го препорачам трудот на д-р Владо Картов, „Сава Михајлов — Савата", како корисен труд.

д-р Ристо ПОПЛАЗАРОВ

## Војислав Ђурић, Византијске фреске у Југославији, Београд, 1974 год., с. 233

Средновековното ѕидно сликарство во Југославија, кое се развивало и гаело со векови, презентирано е од историска и уметничка гледна точка во документираната студија на В. Ђурић: Византијске фреске у Југославији. Во студијата е изложено фресковото сликарство по еден хронолошки ред на стилови. Материјалот распореден така што секој дел се однесува на одделни мали региони, кои претставувале економски и политички целини, и кадешто естетските врски помеѓу спомениците биле јасно изразени. Во книгата се срекаваат покрај старите познати, и поновите фрески откриени со најновите истражувања. Стручниот и многу интересен текст е илустриран со 39 репродукции во боја, со 119 црно-бели репродукции и со 11 цртежи. Локацијата на сите културни споменици од Балканскиот Полуостров е забележана на посебна карта. Содржината на текстот е поделена на три глави: Македонија под Византија, XI—XIII век (с. 9—20); Далматински комуни, XII—XIV век (с. 21—25); Српска држава, X—XV век (с. 25—91), во кои покрај приказот за средновековното сликарство е направен краток осврт на политичките, социјалните и црковните прилики во тие земји. Со вака остворениот преглед, авторот се потрудил да го изложи и објасни сето она што е вредно за спомениците од византискиот уметнички круг во Југославија. Бидејќи во самиот текст немало можности да се изнесат тековни научни прашања од дотичната проблематика, тоа тој го прави во белешките за спомениците (с. 173—226). Тие изобилуваат со богат коментар, толкуваат и разгледуваат одделни прашања, и имаат целосна библиографија во врска со некои